11. Даница Коневска — ОУ „Н. Г. Дуњa“ — Скопје.
12. Живко Заев — Уч. цен. „Никола Карев“ — Струмица.
13. Кирил Сиљановски — Медиц. учил. центар. — Битола.
14. Ќирко Трпковски — Тетово
15. Ристески Трајче — Прилеп
16. Спаска Манасиева Младеновиќ — Уч. цен. „Наце Буѓони“ — Куманово.
17. Гаваз Џелал — Струга

Редакција на списанието „Историја“:

1. Проф. д-р Бранко Панов, Главен и одговорен уредник
2. Д-р Владо Картов, член
3. Д-р Владо Ивановски, член
4. Д-р Ристо Кирјазовски, член
5. Проф. д-р Војо Кушевски, член
6. Методија Манојловски, секретар

Предложената листа на Претседателство и Редакција на списанието „Историја“, беа едногласно усвоени.

На крајот од работата на Собранието беше дадена разрешница на старото Претседателство и предложено идното Годишно собрание да се одржи во Струга, а домаќин да биде Друштвото на историчарите на Струга. Предлогот и разрешницата беа едногласно прифатени.

Научен собир

## АСНОМ ВО СОЗДАВАЊЕТО ДРЖАВАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

По повод 40-годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, Македонската академија на науките и уметностите во соорганизација со Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот во Битола, Институтот за национална историја и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од 29 до 31 октомври 1984 година во Скопје одржа научен собир на тема, „АСНОМ ВО СОЗДАВАЊЕТО ДРЖАВАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД“. Ова е трет научен собир посветен на оваа проблематика. Првиот се одржа во 1964 г., вториот во 1974 и третиот во 1984 година во годината кога прославуваме 40-години од АСНОМ, историски чин кога за прв пат врз трајни основи беше потврдена и објавена суверенოста на македонскиот народ и беше прокламирана пред светот првата слободна македонска држава и кога конечно беа остварени вековните идеали на овој мал и напатен народ.

Собирот го отвори акад. Михаило Апостолски, претседател на Организациониот одбор, а поздравни говори одржаа Ката Лахтова, претседател на Собранието на СР Македонија, акад. Јордан Поп Јорданов, претседател на Македонската академија на науките и уметностите, и проф. д-р Христо Андонов-Полјански, ректор на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје.

На собирот покрај учесниците со реферати, присуствуваа и голем број јавни, научни и културни работници од градот и од Републикава. Во работниот дел на собирот, за време на трите работни дена, беа прочитани вкупно 31 реферат, и тоа: Александар Христов, Компаративна анализа на др-

жавно-правната концепција на македонското револуционерно движење и АСНОМ (1878—1945); Светомир Шкариќ, Концепцијата за македонска државност во уставот на Македонската лига од 1880 година и нејзиното значење за државно-правниот развој на Македонија; Воислав Кушевски, Државноста на македонскиот народ — една од претпоставките за покренувањето на македонското прашање пред Друштвото на народите и некои други меѓународни организации меѓу двете војни; Даринка Пачемска, Внатрешната македонска револуционерна организација (обединета) и државноста на македонскиот народ; Стеван Габер, Историската обусловеност на карактеристиките на македонската АСНОМ-ска државност; Данчо Зографски, АСНОМ во решавањето на македонското национално прашање; Слободан Нешовиќ, Македонија и Првото заседание на АВНОЈ; Михаило Апостолски, Воените успеси на НОВ и ПОМ—фактор за одржувањето на АСНОМ; Петар Пепељуговски, АСНОМ и натамошниот развој на оружената борба во Македонија; Братислав Лабан, Влијанието на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ врз натамошниот развој на НОВ во Македонија; Владо Ивановски, Организационата структура и активноста на КПМ спроти одржувањето на Првото заседание на АСНОМ; Владимир Картов, Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ како претставничко и политичко тело; Евгени Димитров, АСНОМ и интегритетот на македонскиот народ; Новица Вељановски, Положбата и дејноста на Президиумот на АСНОМ; Миле Тодоровски, Второто заседание на АСНОМ, 28—30 декември 1944 година; Павле Митревски, Административно-територијалната поделба и организација на власта во Македонија од Првото заседание на АСНОМ до донесувањето на Уставот на НРМ; Ѓорѓи Цаца, АСНОМ и првиот Устав на СР Македонија; Владимир Митков, АСНОМ и државно-правниот развој на СР Македонија; Гојко Груевски, Од АВНОЈ-ските и АСНОМ-ските идејно-политички определби до теоретскиот концепт за општествено-политичкиот систем на самоуправна демократија; Душко Поповски, Англиската дипломатија и АСНОМ; Тодор Симовски, Местото и улогата на сојузничките мисии во Македонија во текот на Втората светска војна; Бранко Петрановиќ, Сојузниците, југословенската влада во бегалство и бугарската окупација на делови од Југославија во 1941—1944 година; Мирослав Стојљковиќ, Сојузниците и Бугарија во првата половина на летото 1944 година; Орде Ивановски, Отечественофронтовската Бугарија за АСНОМ и за македонската држава; Славка Фиданова, Македонската емиграција во Бугарија во времето и по Првото заседание на АСНОМ; Јусуф Мулиќ, Придонесот на АСНОМ за успешно решавање на валутното прашање во Македонија и Југославија пред крајот на Втората светска војна; Милан Ѓурчинов, Нашата културна преродба во светлината на АСНОМ; Вера Весковиќ — Вангели, Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија; и Ристо Кирјазовски, Формирање на македонски институции во

Егејска Македонија во текот на НОВ и Граѓанската војна во Грција

Проф. д-р Светомир Шкариќ во својот реферат „Концепцијата за македонска држава во уставот на Македонската лига од 1880 година и нејзиното значење за државно-правниот развој на Македонија“ нагласи дека ова е прв документ во историјата на македонскиот народ кој Македонија ја определува како уставна држава. Со овој документ, кој хронолошки и тематски се надоврзува врз Правилата на македонскиот востанички комитет од 1878 година (Кресненското востание) македонското националноослободително движење и меѓународната јавност настапува со развиен проект за создавање македонска држава како правна држава со напредна политичка мисла и развиен систем на институции. Со овој документ ова движење наполно се вклопува во поширокага борба на прогресивните сили во Европа во втората половина на XIX век.

Според Уставот на Македонската лига од 1880 година, границите на македонската држава се определени прецизно и тие наполно се совпаѓаат со територијалната распространетост на македонскиот етникум. Согласно на тоа, македонската држава се протега само дотаму до каде што се протега македонското население — ни помалку ни повеќе од тоа. Солун се определува за главен град на Македонија и за седиштето на законодавната власт, Народната банка на Македонија, Охридската архиепископија и странските дипломатски претставништва.

Некои карактеристики на македонската држава утврдени со Уставот на Македонската лига од 1880 година, освен историско, имаат и актуелно значење. Тоа посебно се однесува на многунационалниот карактер на македонската држава. Оваа нејзина карактеристика соодветставува со најпрогресивните решенија на уставната мисла на XX век, а посебно со духот на Крушевската република, одлуките на Првото заседание на АСНОМ и Уставот на СРМ од 1974 година.

Говорејќи за „АСНОМ и интегритетот на македонскиот народ“ академикот Евгени Димитров меѓу другото подвлекува... „Во решавачките моменти за судбината на македонскиот народ за време на Втората светска војна не постоеше единствено организирано национално-ослободително движење што би ја раководело борбата на македонскиот народ во трите дела на Македонија. Борбата на македонскиот народ за национална и социјална слобода беше раководена од три комунистички партии, чии ставови спрема македонското прашање не беа истоветни. Покрај општите меѓународни услови и, посебно, односите меѓу големите сили во рамките на антифашистичката коалиција, ставовите на комунистичките партии на Бугарија и Грција битно влијаеја врз перспективите за решавање на основниот животен проблем на македонската нација.

Современата историја на македонскиот народ е доказ повеќе дека националистичко-шовинистичките аспирации не се својство само на буржоаските национални движења и дека од нив можат

да бидат зафатени и одделни работнички движења и комунистички партии.“

Д-р Ристо Кирјазовски откако даде увод за борбата на Македонците од Егејска Македонија за национално обединување и формирање на сопствена држава во својот реферат „Формирање на македонски национални институции во Егејска Македонија во текот на НОБ и Граѓанската војна на Грција“ ги посочи сите национални институции формирани од самите Македонци во наведениот период. Благодарение на КПГ, којашто имаше правилен став по македонското прашање, Македонците во Егејска Македонија формираа национални институции. Покрај организациите на НОФ, НОМС, АФЖ, беа формирани македонски партизански единици, органи на народната власт, македонски педагошки курсеви и училишта, модерна македонска печатница, македонска Партиска организација, Македонец — министер во Привремената демократска влада (делегиран од НОФ), Македонец — член на Вишиот воен совет на ДАГ (делегиран од НОФ), одговорен на единиците на ДАГ — помошник на политичкиот комесар (делегиран од НОФ) и др.

Формирањето на македонски национални комитети продолжи и по Граѓанската војна, како што се: организацијата Илинден, македонски училишта, радио емисија на македонски јазик, македонски издавачки оддел, литературни кружоци и др.

Доп. член д-р Александар Христов, откако направи компаративна анализа на државно-правната концепција на македонското револуционерно движење и АСНОМ во периодот помеѓу 1878 — 1941 година, нагласи дека АВНОЈ-ско АСНОМ-ската историска етапа ги отфрли појавите на негирање на правото на македонската револуција на сопствено легитимно претставување во решавањето на виталните интереси на нацијата и посебно при одлучувањето на државно-правниот статус на Македонија. Создавајќи свои политичко-претставнички институции и тела, револуцијата обезбеди легитимно претставување на нацијата во остварувањето на нејзиното право на самоопределување и на сопствена држава.

Учесниците што не беа во можност, од оправдани причини да присуствуваат на собирот, ќе ги приложат своите трудови за печатење.

Многу од рефератите, базирани на архивски истражувања, фрлија нова светлина врз настаните од овој светол период од нашата историја, исфрлајќи на површина нови податоци.

Дискусијата, која беше извонредно жива, плодна и конструктивна, исцрпно ги разгледа основните проблеми презентирани во рефератите и даде силен придонес во акцентирањето на некои суштествени појави. Во неа зедоа учество повеќе од 40 дискутанти. Особено место во дискусијата беше посветено на односот АВНОЈ—АСНОМ, за дипломатските документи што се однесуваат на Македонија (и кои говорат дека големите сили ја признале Македонија), за државничка мисла и првите уставно-правни нормирање за идната македонска држава пред повеќе од 105 години. Во дискусијата беше подвлечено дека се неоспорни стремежите на македонскиот народ за своја др-

жава од пред повеќе од еден век и дека при тоа се нудени разни модалитети на држава и државност, меѓу кои и во рамките на федерација или конфедерација — балканска, источна, југословенска, јужнословенска. Меѓутоа само КПЈ, на чело со другарот Тито, правилно го третираше македонкото национално прашање и во рамките на заедничката борба е извојувана слободата и конституирањето на АСНОМ-ска Македонија. Во дискусијата се изнесени многу нови прашања и сознанија кои треба да послужат како поттик за натамошни истражувања.

Сите реферати и дискусија ќе бидат објавени во посебен зборник, во издание на Македонската академија на науките и уметностите.

Задачата што Организациониот одбор како своја цел ја постави беше врз основа на историските факти и најновите научни сознанија, здобиени од досегашните проучувања на архивскиот и документарниот материјал, како и многубројните расправи, монографии, статии, спомени и други написи, што попотполно и поцелосно, научно и објективно да се осветли овој период од создавањето на македонската државност. Се надеваме дека со објавувањето на материјалите од научниот собир ќе се здобиеме со уште еден зборник на трудови што ќе побуди интерес кај сите научни, просветни, културни и јавни работници, како и кај поширок круг на читатели.

Благој СТОИЧОВСКИ

**ЈУБИЛЕЈ НА ПРОФ. Д-Р СТЈЕПАН АНТОЛЈАК ВО ЗАДАР**, (Филозофски факултет Задар — 28 февруари 1985)

Историското друштво на Задар, на 28 февруари о.г. по повод 75-годишнината од животот и 50-годишнината од научната дејност на проф. д-р Стјепан Антолјак организира свечен собир. Причините што токму во Задар се одржа таков повод и Историското друштво на Задар да биде иницијатор и носител на тоа одбележување беа многустрани. Пред сè познато е дека професор Антолјак, со повторното доаѓање во Задар во 70-тите години ја обнови работата на Историското друштво, поради што Друштвото успешно делува и е едно од најактивните во Хрватска. Конечно, овде е и она што е веќе познато, но во оваа прилика треба да се истакне, а тоа е долгогодишната и непрекината врска на професорот Антолјак со Задар, и тоа, не само на научен туку и на педагошки план.

Свечениот собир започна на 28 февруари, со претпладневниот прием кај претседателот на Општината Задар, инженерот А. Бенети. Во таа прилика во делегацијата што ја прими претседателот, славеникот, д-р С. Антолјак, беа секретарот на Историското друштво проф. Радомир Јуриќ, гостинот на Историското друштво на Задар, академик Радослав Катичиќ, проф. Јосип Видаковиќ,